Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 514 www.mchamber.mk 20.01.2023

# Конференција „Економски предизвици во 2023 година“: Бизнисот очекува суштинско партнерство помеѓу деловната заедница и носителите на економските политики






## Интервју на Јовановски за Нова Македонија: Целни мерки за справување со кризата

стр. 4

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

## СТАНДАРД Покровители

## СИЛВЕР Покровители





Посетете : www.mchamber.mk

9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Коморскиот инвестициски форум (КИФ) ги поканува компаниите од регионот на Западен Балкан (ЗБ6) да учествуваат на Отворениот повик за регионален натпревар

Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан (КИФ) е заедничка иницијатива на стопанските комори од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, од Северна Македонија, Црна Гора и од Србија, која ги претставува интересите на повеќе од 350.000 компании, со мисија да ја поврзе деловната заедница од регионот и да овозможи обединет глас на бизнисот во регионот.

По повод пет години од формирањето на заедничкиот регионален пазар на Западен Балкан, Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан 6, со поддршка на Европската комисија, објавува отворен повик за учество на регионалниот натпревар за компании од шесте земји на Западен Балкан.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=3&evid=110555&lng=1

Кандидатите треба да бидат регистрирани во една од 6-те економии на Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Република Северна Македонија, Србија и Црна Гора.

Комисијата составена од по еден претставник од шесте стопански комори на Западен Балкан и од претставник од канцеларијата на Коморскиот инвестициски форум ќе ги разгледа сите апликации и ќе направи избор на наградените компании во дадените категории (вкупно 21).

Рокот за доставување на апликациите истекува на 15 февруари 2023 година во 16:00 часот.

# Интервју на Јовановски за Нова Македонија: Целни мерки за справување со кризата


нова Македонија — Економија — Четврток, 19 јануари 2023 | 5

РАЗГОВОР СО ЗОРАН ЈОВАНОВСКИ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО 2023 ГОДИНА

**Целни мерки за справување со кризата**

Митко Јовановски

***Зоран Јовановски,***
***потпретседател на Стопанската комора на Македонија,***

Надминување на проблемот со скапата енергија, смирување на порастот на цените и на високата инфлација, избегнување на рецесијата, структурно приспособување на стопанството и подобрување на комуникацијата меѓу носителите на економските политики и бизнис-секторот се главните приоритети на кои посочија стопанствениците на неодамнешната конференцијата „Економски предизвици во 2023 година: како да го одржиме економскиот раст и да ја трансформираме економијата", организирана од Советот за унапредување на високото образование и стратегиски истражувања при Стопанската комора на Македонија. Тоа беше можност за разговор со Зоран Јовановски, потпретседател на Стопанската комора на Македонија, од кого побаравме одговори на клучните предизвици за македонското стопанство во наредниот период, како што се справување со високата инфлација, подобрување на структурата на економијата, недостигот од квалификувана работна сила итн.

**Главната порака од претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, е да се затвори страницата на македонската транзиција и да се отворат портите кон Европската Унија. Дали, според вас, постои волја да се постигнат овие цели и како да се направи тоа?**

– Прашањата што ги посочи претседателот на Стопанската комора, Азески, поврзани со функционирањето на правната држава итн., се суштински важни за иднината на македонската економија. Следствено, би било нелогично некој да е во светот на политиката, а да не сака да се расчистат тие прашања.

**Колку бизнис-секторот е подготвен да влезе во поотворена европска конкуренција и колку домашните компании се подготвени за промените што произлегуваат од почитувањето на законите што важат во ЕУ? Овде ја имаме предвид и вашата изјава дека „не треба многу да се брза на економскиот пат кон ЕУ"!**

– Земја што сака да влезе во ЕУ треба да има функционална пазарна економија и да биде способна да се справи со конкурентските притисоци во рамките на Унијата. Европското законодавство всушност ги одредува правилата на водење бизнис во рамките на Унијата. Притоа, скапа работа е да се направат потребните приспособувања од страна на македонските компании за да можат да работат во согласност со тие европски правила. Затоа реков дека во процесот на евроинтеграција треба „да се брза полека", да им се даде време на македонските компании. Не е само да влеземе во ЕУ, македонските компании треба подготвено да го дочекаат влезот.



**Во вашето обраќање изјавивте дека бизнис-заедницата очекува суштинска комуникација со државните институции, не само закажување и одржување состаноци, туку и сериозно земање предвид на аргументите што ги изнесуваат и посочуваат компаниите?**

– Клучно е да постои суштинска комуникација помеѓу бизнис-секторот и Владата. Тоа значи аргументирана размена на ставови за да се најде начинот како најдобро да се регулира одредена работа. Во рамките на таа комуникација, на крајот Владата ќе си одлучи по свое наоѓање, но коректно да се искомуницира со јавноста што е усогласено или неусогласено со Стопанската комора. Со таков пристап, со желба да се најдат најдобрите решенија и со транспарентен однос кон јавноста се создава амбиент за носење издржани одлуки за македонската економија. Патем, македонските компании не се против какви било реформи, туку, напротив, тие самите се во постојан процес на сопствено трансформирање и приспособување на пазарните услови.

**Како ги оценувате политиките на Народната банка на Македонија во однос на намалувањето на инфлацијата и цените? Дали сегашните потези од централната банка можат да влијаат на растот на економијата, во исто време кога и се затегнува монетарната политика?**

– Во однос на вашето прашање за успешноста на политиките на Народната банка, во согласност со поставеноста на системот, ингеренциите за давање таква оцена се сепак кај Собранието. Инаку, справувањето со инфлација што е толку висока воопшто не е лесна работа каде било во светот. Штом започнат да се зголемуваат каматните стапки, тоа неизбежно води, по одреден временски период, кон намалување на домашната побарувачка, инвестициите итн. На крајот, тоа резултира со забавување на економската активност.

**Генерално, колку сегашната економска политика на Владата е во насока на остварување на посочените приоритети?**

– Првата лекција во економијата е дека ресурсите се ограничени. Тоа станува уште поизразено во услови на криза. Затоа, во такви услови е исклучително важно да се биде внимателен и рационален и расположливите ресурси да се користат на најефикасниот можен начин. Тоа значи дека важна компонента во политиките за справување со кризата е употребата на целни мерки, од една страна поддршка на најранливите групи граѓани во општеството, од друга страна поддршка на компаниите. Во однос на долгорочното преструктурирање на македонската економија, тоа може да се прави само во рамките на јасна, сеопфатна и од сите прифатена долгорочна стратегија за македонската економија.

**Одливот на работници од Македонија станува сериозен проблем за домашната економија. Како да се излезе од таквата состојба и константниот одлив на работници?**

– За да може да се развива, македонската економија мора да има квалитетен кадар, кој ги има потребните знаења и вештини што ги бара пазарот на трудот. Недостигот од таков кадар одамна е проблем за компаниите во земјава. Затоа и Стопанската комора последниве години започна редица активности во насока на ублажување на проблемот. Што се однесува до висината на платите, тие секогаш треба да се движат во линија со продуктивноста. Тоа е единствениот одржлив начин да имаме повисоки плати и повисок животен стандард.

Повеќе: https://novamakedonija.com.mk/ekonomija/celni-merki-za-spravuvanje-so-krizata/

БИЗНИС ИНФО 7

# Конференција „Економски предизвици во 2023 година“: Бизнисот очекува суштинско партнерство помеѓу деловната заедница и носителите на економските политики




Мора да постои суштинско партнерство помеѓу деловната заедница и носителите на економските политики, порача денеска бизнисот на конференцијата „Економски предизвици во 2023 година: како да го одржиме економскиот раст и ја трансформираме економијата“, организирана од Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања при Стопанската комора на Северна Македонија.

На конференцијата на која учествуваа официјални државни претставници, стопанственици и претставници на Стопанската комора видео обраќање имаше претседателот на Комората, Бранко Азески, кој пред присутните истакна дека итно е потребно расчистување на прашањата за функционирање на правната држава, односот помеѓу капиталот и трудот и подобрување на структурата на економијата со производи и услуги со додадена вредност.

„Мојата порака до политичките елити во државата е следна: нов Рамковен договор за економски развој во наредните десет години. Бизнисот во прв план, историјата на историчарите. Порака до премиерот: имате историска шанса да го смените текот на работите во позитивна насока. Затворете ја страницата на македонската транзиција и отворете ги портите кон Европската унија. Многу млади ќе заминат, но ќе се вратат во поголем број ако тој период се искористи за развој на економијата“, порача Азески.

Претседателот на Советот Глигор Бишев изјави дека и 2023 година ќе биде година со многу предизвици и дека мора да постои суштинско партнерство помеѓу деловната заедница и носителите на економски политики.

„Првиот предизвик ќе биде намалувањето на инфлацијата, без тоа негативно да влијае врз забавување на економскиот раст. Потоа шоковите коишто доаѓаат од зголемувањето на енергијата и на храната. И трето, долгорочното преструктурирање на македонската економија кон позелена економија, автоматизација и дигитализација сè со цел да стане поконкурентна, подинамична и да води кон зголемување на животниот стандард“, порача Бишев

На конференцијата воведно обраќање имаше и претседателот на Владата Димитар Ковачевски кој истакна дека кризата сè уште трае, ја менува формата и динамиката и поставува нови неизвесности и предизвици.

„Владата е тука да ги слушне сите предлози на деловната заедница како што ги слушаше и досега. Буџетот за 2023 година е мој прв буџет како премиер и лично ќе се залагам да покаже резултати, да ја обезбеди потребната основа за премин кон забрзан економски раст и развој на државата за да понатаму се постигнат посакуваните и потребни стапки од 5 проценти на БДП. Буџетската каса е проектирана така да може да обезбеди стабилност, сигурност и економски раст во услови на криза. За антикризни мерки се издвоени 250 милиони евра“, изјави Ковачевски.

Во рамки на првиот панел насловен: „Како истовремено да оствариме соборување на инфлацијата и раст на економијата“ во кој учествуваа: Фатмир Бесими, министер за финансии, Зоран Јовановски, потпретседател на Стопанска комора на Северна Македонија, Анита Ангеловска-Бежоска, гувернер на Народна банка на Република Северна Македонија, Фатмир Битиќи, заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Размена Чекиќ Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија фокусот беше ставен кон потребата за консултација и дијалог помеѓу креаторите и носителите на економски политики и бизнис заедницата од друга страна, во насока на носење на мерки кои ги унапредуваат условите за водење на бизнис. Се дискутираше и за краткорочни и долгорочни мерки кои можат да влијаат врз намалување и одржување на инфлацијата, без економијата да влезе во рецесија, енергетска стабилност, зголемување на продуктивноста на работната сила, поддршка на инвестициите и поттикнување на зелено финансирање.

Во рамки на вториот панел: „Очекувања за стабилноста и растот на бизнис заедницата“, предводен од Виктор Мизо, генерален менаџер на Костал Македонија и потпретседател на Комората учествуваа и Никица Мојсоска Блажевски, главен извршен на Македонија 2025, Боријан Борозанов, управител на Џонсон Мети Скопје, Тодор Анѓушев, управител на Мали хидро електрани ДОО Скопје и ЕМС ДОО Скопје, Петар Спасески, основач и управител на АСП-ПАК ДООЕЛ Охрид и Васко Кроневски, извршен директор и ко-основач на Некстсенс ДОО Скопје и заменик претседавач на Одборот на директори на Македонија 2025. Учесниците во овој панел потенцираа дека нивните оческување во услови на справување со мулти-криза се да има поголема предвидливост заради планирање и обезбедување пониски цени на електрична енергија за стопанството во насока на одржување на конкурентската способност на пазарите. Бизнис заедницата нагласува дека и проблемите со недостиг на квалификувана работна сила се повеќе од било кога изразени, но исто така и потреба од стратешки вложувања во енергетски капацитети за производство на базна енергија, првенствено биогасни и хидроцентрали, но и недоволно развиената инфраструктура, недостигот на дигитални вештини и слабата дигитализација како во јавниот сектор, така и кај малите и средни претпријатија, недостигот од трансфер на знаење и задржување на високо-образовниот кадар кој може да придонесе за создавање на производи со висока додадена вредност.

Денешната конференција е само најава за активностите на Советот за унапредување на високото образование и стратешките истражувања во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија, која ќе прерасне во традиционален годишен настан кој на едно место ќе ги обединува сите чинители, насочувајќи го заедничкиот потенцијал кон креирање на мерки кои го поттикнуваат раст и развој на економијата и раст на стандардот на граѓаните.

# КОИ СЕ ПРЕПОРАКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА НАШЕТО ОБРАЗОВАНИЕ?




***м-р Наташа Јаневска***
***Проектен менаџер во Стручната служба на Комората***

Усвојување на Законот за стручно образование и обука и Законот за образование на возрасните, воспоставување и операционализација на регионалните центри за стручно образование и обука, подобрување на пристапот до квалитетно образование за сите, особено за децата со попреченост и за децата од ромската заедница и поддршка за обуки и за професионален развој на наставниците се само неколку од препораките на Европската комисија на кои треба да се фокусира државата, затоа што образованието е движечка сила во растот и развојот на економијата и главен фактор за обезбедување квалификуван и стручен кадар. Соодветно квалификуваниот и стручен кадар, пак е, важен фактор за конкурентноста и за продуктивноста на компаниите, како и нивниот потенцијал да внесуваат иновации, како одговор на нови и развојни барања за производи и за услуги.

Оттука, образованието, мора да биде функционално и ефикасно за да може соодветно да одговори на барањата на бизнис-заедницата и развојот на техниката и технологијата, модернизацијата и автоматизацијата на работните процеси и да испорачува кадар со стручно знаење, практични вештини и компетенции. Но со години наназад Европската комисија нотира умерен напредок во образованието и упорно ни сугерира на две главни причини за тоа:

1. нестабилна државна финансиска поддршка за образованието и недостиг од човечки ресурси за спроведување на реформите и

2. одолжување на процесот за усвојување на законите од областа на образованието



Но сепак, за волја на вистината, има поместување и одреден напредок што го нотирала и Европската комисија во извештајот за напредокот на нашата земја во унапредувањето на стручното образование и обука, иако и натаму бизнис-заедницата апелира на несовпаѓање на вештините за реализација на работните процеси, што повлекува долга транзиција од училишната до работната средина. На бизнис-заедницата и треба кадар кој поседува основни работни вештини и стручни способности, но, исто така, анализите покажуваат дека поединците ги прават вработливи доколку ги поседуваат меките вештините за тимска работа, за меѓучовечки односи, за комуникации, креативноста, критичкото размислување, одговорноста и посветеноста во работата. Со поддршка на Стопанската комора, образовниот и бизнис-секторот сè повеќе наоѓаат заеднички решенија преку заеднички партнерски дијалог, а резултат на тоа е изучување на новите квалификации според потребите на бизнисот, модернизирање на образовните програми и креирање релевантна уписна политика. Пазарите на труд кои што добро функционираат ги карактеризира непречениот премин од образование кон вработување, од невработеност кон вработување. За олеснување на овие премини потребно е да постои добро совпаѓање меѓу понудата и побарувачката на вештини што поттикнува вработување на луѓето. Но и натаму останува препораката да се стави поголем акцент врз зголемувањето на процентот и на квалитетот на практичната обука на учениците во компаниите за нивна полесна транзиција на пазарот на трудот.

Постигнат е значителен напредок во зголемувањето на атрактивноста на стручното образование, што се бележи со раст на бројката на ученици кои се запишале во средно стручно образование, и тоа на 69 % во 2022 година, споредено со 64 % во 2021 година, 62,1 % во 2020 година и со 61,8 % во 2019 година, што беше еден од таргетите на кои што работеше Стопанската комора во изминатиот период.

Но забешеките на Комисијата во високото образование се спротивни на оние за стручното образование и обука. Иако нашата земја напредуваше во поглед на бројот на луѓе со високо образование, студиските програми не се соодветно приспособени за стекнување вештини и компетенции кај дипломираните студенти кои ќе одговараат на побарувачката на работна сила. Државната финансиска поддршка за високото образованието е недоволна, а изостанува и координација меѓу образовниот сектор и бизнис-заедницата што резултира со дипломирани студенти со квалификации кои неможат да бидат препознаени од работодавачите и остануваат долгорочно невработени илиноѓаат несоодветно вработување за нивните квалификации кои ги поседуваат.

И, за жал, препораките на Европската комисија од минатогодишниот извештај беа преточени и во овој извештај, но и надополнети со нови. Земјата ќе мора сериозно да ги разбере и да работи на препораките, не заради ЕК, туку заради нејзиниот напредок.

Во оваа насока работи и Комората преку Советот за развој на тренингот и обуките во кои се креирани четири форми за поддршка: Центар за дуално образование, Центар за преквалификација и доквалификација, Берза на труд и Центар за тренинг и обуки. Преку овие центри, Советот ќе работи на поврзување на понудата и на побарувачката на работна сила со квалификации, вештини и со практично искуство преку континуирано идентификување на потребите на компаниите од кадар со специфични квалификации и да понуди на расположливиот кадар на пазарот на трудот релевантни квалификации и адекватни стручни доусовршувања преку обуки кои одговараат на актуелните потреби на компаниите, како унапредување на вештините и на компетенциите на вработените лица во компаниите.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 24.01.2023**

# РИЗИК-ФАКТОРИ ПОВРЗАНИ СО ПРЕСТАНОКОТ НА РАБОТНИОТ ОДНОС, НИВНО ПРЕПОЗНАВАЊЕ И МЕНАЏИРАЊЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 24 јануари 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Ризик-фактори поврзани со престанокот на работниот однос, нивно препознавање и менаџирање“.

Престанокот на работниот однос е една од темите која најчесто креира судир помеѓу интересите на работодавачите и оние на работниците, и поради тоа, е и честа причина за спорови. Заради минимизирање на шансите за појава на вакви спорови, потребно е да се препознаат сите ризик-фактори поврзани со институтот и да се управува со нив на начин што ќе се постигне законска усогласеност, а ќе се избегне прекршочна и судска одговорност.

Во рамки на работилницата, ќе се дискутира за законската поставеност на престанокот на работниот однос, при што почнувајќи од начините за престанување на договорот за вработување, па сé до интрикантноста на отказот, ќе се разглобат сите поединости на институтот.

Ќе се анализира спогодбениот престанок на работниот однос, наспроти неговиот престанок по волја на една од договорните страни преку отказ од страна на работникот или од страна на работодавачот. Во поглед на отказот од работодавачот, особено ќе се анализираат основите за отказот.

Понатаму, ќе се развие дискусија и по однос на прашањата за отказните рокови, суспензијата од работа, како и паричната казна наместо отказ.

Работилницата ќе биде особено насочена кон севкупно информирање на слушателите за сите аспекти на дисциплинската постапка, условите и методите за нејзино спроведување, последователните дејствија по нејзиното заклучување, а ќе биде потенцирана и важноста од подготовката и примената на интерен акт за дисциплинска постапка.

Во насока на заокружување на правната поставеност на темата, ќе се дискутира и за некои од останатите законски предвидени основи за престанок на договорот за вработување.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 25.01.2023**

# Напредни Ексел функции за анализа на податоците: правила, логички функции, IF, AND & OR функции, LOOKUP, консолидација

Напредните алатки на Ексел, како што се работа со правила, логички функции, IF, AND и OR функции, INDEX и MATCH функции, DATE функции, LOOKUP функции, DATABASE функции, работа со апсолутни и релативни референци, консолидација на податоците спаѓаат во најважните и најчесто користените алатки во деловното планирање, макро и микроекономската анализа и носењето на одлуки.

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме напредните ексел функции, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да научат како да:

- Лесно анализираат големи бази на податоци во Ексел;
- Лесно средуваат нумерички и текстуални информации во Ексел;
- Препознаваат ситуации во кои примената на напредни Ексел алатки може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат едноставна анализа во пракса користејќи MS Excel и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
26.01.2023

# РАЧНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ТОВАР - ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НОВИОТ ПРАВИЛНИК – Техничка и медицинска поддршка

Стопанската комора на Северна Македонија на 26 јануари 2023 година во соработка со Здружението на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје, организира еднодневен семинар на тема: „ РАЧНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ТОВАР - ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НОВИОТ ПРАВИЛНИК – Техничка и медицинска поддршка “.

Оваа обука е дизајнирана да одговори пред се на потребите на стручните лица за безбедност при работа и работодавачите при имплементација на одредбите од новиот Правилник. Преку низа на системски методи и алатки кои се користат за решавање на проблеми, така што крајниот резултат од решавањето на проблемот не е само решен проблем, туку барем едно ниво подобрување на процесот и /или системот за управување. На овој начин би се придонело до градење на свеста кај вработените, дека проблемите се всушност предизвици, т.е. можности за подобрување на процесите и работењето.

Која е целта на семинарот?

Главната цел на семинарот е присутните да се запознаат со релевантните пристапи, т.е. методологии кои се користат за управување со проблемите и за запознавање со чекорите на методологиите кои после оваа обука ќе можат да ја применат на одреден проблем во нивната компанија. Тоа значи дека по завршување на семинарот учесниците ќе можат:

- Да ги разберат барањата на самиот Правилник;
- Да ја препознаат потребатата од примена на ситуации;
- Да се применат методологиите во пракса;

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
27.01.2023

# ПРИМЕНА НА НАПРЕДНИ ТАКТИКИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДАЖБАТА И МОТИВАЦИЈА ВО РАБОТНАТА СРЕДИНА

Целта на „онлајн“ семинарот е да се разработат тактиките кои се однесуваат на начинот на зголемување на продажбата, поголема самодоверба во нудење на производи или услуги, преземање иницијатива за продавање и пронаоѓање на потенцијални клиенти, користење на напредни алатки за продажба, развивање на позитивна работна средина и мотивација за успех. Продажбата е клучниот момент за функционирање на еден бизнис. Без разлика дали нудиме производ или услуга, бизнисот мора да продава. Колку повеќе се развива техниката за продажба, толку поголем приход ќе има. Предвидени се практични примери и вежби за решавање на приговори и справување со конфликти. Ќе се потенцира практичната примена на комуникациски вештини во продажба и применливи стратегии.

Семинарот е интерактивен со практични вежби и симулација на реални ситуации.

Целна група за семинарот:

-за сите сопственици и менаџери на компании кои се занимаваат со продажба и имаат желба да инкорпорираат нови техники и алатки за поголема продажба, директори за продажба и маркетинг, млади претприемачи кои сакаат да започнат свој бизнис како и за сите ентузијасти кои се подготвени да ги унапредат техниките на директна продажба и електронска трговија.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk


СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
100
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088